**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-71/6**
**Скопје, 02.07.2026 година**

# ЗАПИСНИК
## од четириесет и седма седница одржана на 02.07.2026 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева – член
г-дин Ермон Незири - член
г-ѓа м-р Кети Петкова-член
г-ѓа Зорица Павловиќ –член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на четириесет и седмата седница на Советот, по што го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записник од 46-та седница на Советот
2. Разгледување и оценување на Годишен извештај за работата на ВЈО Скопје
3. Разгледување и оценување на Годишен извештај за работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција - Скопје
4. Донесување на одлука за престанок на функција јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија
5. Донесување на одлука за определување на вршител на функцијата Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево од редот на јавните обвинители во Основното јавно обвинителство Кичево до именување на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево, согласно член 25 став 3 од Законот за Јавното обвинителство
6. Номинирање на член на дисциплинската комисија при Комора на извршители на РСМ
7. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип

8. Донесување на одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола
9. Разно

Пред да биде усвоен дневниот ред, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими предложи дневниот ред да биде дополнет со уште една точка и тоа:

- Донесување на одлука за формирање на Комисија за одлучување по приговор на одлука за оценување на јавен обвинител.

Вака дополнетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред претседателот едногласно беше усвоен записникот од 46-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на ВД Вишиот јавен обвинител на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева.

Г-ѓа Наташа Крстевска Цалева во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ВЈО Скопје, како и со извештаите на основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје и тоа ОЈО Скопје, ОЈО Куманово, ОЈО Гевгелија, ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес и ОЈО Крива Паланка за 2024 година. Кажа дека извештајот претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување, се осврна на предизвиците и проблемите со кои се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, со недостатокот на јавни обвинители и стручен кадар, со бројот на приливот на предмети, сработени предмети и предмети кои се во работа, со структурата на кривичните дела, со бројот на сторители на кривични дела како полнолетни така и малолетни лица и со бројката на НН сторители на кривични дела, со бројот на решени и нерешени предмети, бројот на предлог спогодби, примена на чл.43 и чл.44 од ЗКП, со бројот на примена на мерка притвор, бројот на жалби, бројот на предлози и сето тоа искажано во проценти. Заклучи дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства како и во ВЈО Скопје за извештајната 2025 година постапувале професионално, ажурно и стручно ја извршувале јавнообвинителската функција.

Откако заврши со излагањето ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева, збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје. Констатира дека Годишниот извештај за работата на основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје, е изготвен согласно пропишаните законски акти, дека ги содржи сите потребни податоци кои се прикажани текстуелно и графички и истите се детално образложени. Изјави дека нема никакви забелешки во однос на извештајот но даде забелешка по однос на месечните извештаи кои се поднесуваат од страна на јавните обвинители, во смисла дека дел од јавните обвинители не поднесуваат месечни извештаи за работата до СЈОРСМ, а дел од јавните обвинители кои ги доставуваат извештаите, истите се непрегледни и нецелосни. Постави прашање доколку постои можност, а е составен дел од работните активности на јавните обвинители како Советот би имал континуитет во следењето на работата на јавните обвинители да се укаже на истите да се доставуваат редовно целосни и предгледни извештаи до СЈОРСМ како и до ЈОРСМ.

ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева се согласи со укажувањето од страна на членот на Советот, кажа дека овие недостатоци се забележани и усно се пренесени на шефовите на јавните обвинителства, но смета

дека и писмено би требало да биде проследено, а во однос на старите предмети има издадено задолжително упатство кое се проследува до сите јавни обвинителства.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ како координатор за подрачјето на ВЈО Скопје се осврна на месечните извештаи, кажа дека од подрачјето на ВЈО Скопје најажурни се од ОЈО Кавадарци , ОЈО Гевгелија и ОЈО Велес, додека од ОЈО Скопје, ОЈО Куманово не доставуваат извештаи сите јавни обвинители, а дел од тие што доставуваат истиот не го пополнуваат како што треба и како што е пропишано. Смета дека на јавните обвинители треба да им биде укажано извештаите правилно да ги пополнуваат, а ова посебно се однесува на јавните обвинители во ОЈО Скопје и ОЈО Куманово.Наведе дека како координатори, работата на јавните обвинители не ја следат само преку оценувањето, туку и преку месечните извештаи што се добиваат од извршен надзор од повисоките јавни обвинителства. Истакна дека во месец Мај 2025 година, бил извршен надзор од страна на ВЈО Скопје над работата на основните јавни обвинителства каде најмалку забелешки имало за работењето на ОЈО Кавадарци, ОЈО Велес и ОЈО Гевгелија додека најмногу забелешки за работата имало за ОЈО Куманово. Смета дека треба да се даваат укажувања каде се детектирани пропусти во работењето. Постави прашање дали при наредна редовна контрола се води сметка и за овие пропусти дали истите се корегирани.

ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева кажа дека на подрачје на ВЈО Скопје има најголем број на јавни обвинители, а најголема бројка на укажувања. Кажа дека се следи исполнувањето на насоките доколку предметот дојде повторно на работа на виш јавен обвинител и доколку се врши повторен надзор и тие укажувања се за зголемена ажурност и се очекува дека тоа ќе биде испочитувано од страна на јавните обвинители.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ во дополнение кажа дека ВЈО Скопје и сите јавни обвинителства во РСМ имаат објективни пречки во своето работење, пред се недостаток на јавнообвинителски и стручен кадар, буџетски средства, просторни услови кај одредени јавни обвинителства, понатаму дека во извештајот сето ова е напишано и искажани низ бројки и дека позитивно ќе го оцени Годишниот извештај на ВЈО Скопје со основните јавни обвинителства за 2025 година.

Г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Годишниот извештај за работата на ВЈО Скопје за 2025 година ги содржи сите потребни податоци кои што даваат слика за работењето на ВЈО Скопје и основните јавни обвинителства од ова подрачје, дека се наведени сите потребни податоци и смета дека јавните обвинители вложуваат максимален напор за да ги совладаат своите работни обврски. Воедно позитивно го оцени Годишниот извештај, со дополнување во однос на укажувањата дека можеби треба да се воспостави пракса при укажувањето да се наложи и обврска на јавниот обвинител на кој што му е дадено укажувањето да го извести повисокиот јавен обвинител за дејствијата превземени кои се однесуваат на предметот или предметите. Исто така постави прашање во однос на малиот број на предлог спогодби, смета дека ова подрачје е најголемо во РСМ, а имал мал број на предлог спогодби. Праша на што се должи ваквиот тренд.

ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева одговори дека со ЗКП се предвидени формите, елементи кои треба да бидат запазени при склучувањето на предлог спогодбите помеѓу јавниот обвинител и осомничениот, а тоа се девет задолжителни елементи кои треба да бидат запазени. Кажа дека во ЗКП не се предвидени критериуми за одмерување на видот и висината на санкцијата, односно такви услови се предвидени во член 49 од КЗ. Воедно даде образложение

во однос на малиот број на склучени предлог спогодби на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Скопје.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска како координатор за ВЈО Скопје укажа на истата забелешка како и на претходните дискутанти во однос на месечните извештаи кој проблем се провлекува не само во извештајната 2025 година, туку со години наназад. Се надева дека во иднина ваквата ситуација ќе се подобри и корегира од страна на јавните обвинители. Во однос на извештајот кажа дека ги содржи сите битни елементи се дека се опфатени сите податоци и дава реален приказ за работењето на ВЈО Скопје со јавните обвинителства од ова подрачје, дека позитивно го оценува и дека ќе гласа за истиот.

Г-дин Ермон Незири исто така се осврна на предлог спогодбите и кажа дека отсекогаш бил поборник за да истите се спроведуваат и не се согласува да има воедначена казнена политика за предлог спогодбите од причина што како институт е воведен да се скрати целата судска постапка. Смета дека кај нас во нашиот систем има некои недостатоци кои што може со некои подзаконски акти или укажувања од вишите јавни обвинители да дадат согласност. Во однос на месечните извештаи смета дека треба Советот заедно со ЈОРСМ терковите кои се применуваат да се доуредат од причина што истите се изготвени пред десетина години и нормално е да има некои недостатоци. Воедно позитивно го оцени Годишниот извештај и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими исто така го подржи извештајот на ВЈО Скопје за 2025 година. На мислење е дека треба да има повеќе предлог спогодби од причина што станува збор за институт кој е предвиден согласно со закон. Укажа дека треба да се обрати внимание на старите предмети и кажа дека Советот ќе инсистира за тоа во извештаите да има посебна глава во однос на старите предмети да се види нивната бројка и до каде е со постапувањето по истите. Воедно кажа дека извештајот го оценува позитивно и дека ќе гласа за истиот.

Откако никој не зема збор ВД ВЈО на ВЈО Скопје г-ѓа Наташа Крстевска Цалева ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај за работата на ВЈО Скопје со подрачните основни јавни обвинителства за 2025 година на гласање.

Едногласно од страна на членовите на Советот истиот беше усвоен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 24 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Скопје, со подрачните основни јавни обвинителства Скопје, Куманово, Гевгелија, Велес, Кавадарци и Крива Паланка за 2025 година.**

Под точката три од дневниот ред, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази.

Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција-Скопје г-дин Ислам Абази во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2025 година, како и со извештајот на Одделението за истражување

и гонење на кривични дела сторени од лица со полициско овластување и припадници на затворската полиција. Истакна дека Годишниот извештај претходно бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ, како и на секој член од Советот на запознавање и разгледување, по што го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со вкупниот број на предмети и видот на кривични дела за извештајната 2025 година по кои постапувало ова јавно обвинителство, за бројот на истражни меркимерки притвор, куќен притвор, видови на одлуки, запирарање на истраги,истражни постапки, обвинителни акти,имотна штета како и меѓународна правна помош. Кажа дека соработката со Царинската управа, МВР, Финансиската полиција и другите државни органи е добра и е на професионално ниво. Кажа дека обвинителството не работи со вкупен број на јавни обвинители кои се предвидени согласно систематизацијата за ова јавно обвинителство и дека има недостаток од стручна служба. Членовите на Советот беа запознаени со буџетот за работа на ова јавно обвинителство кој изнесува 9% од вкупниот буџет на јавното обвинителство на РСМ. Кажа дека јавните обвинители во ОЈО ГОКК Скопје за извештајната 2025 година постапувале професионално и стручно.

Откако ОЈО на ОЈО ГОКК Скопје г-дин Ислам Абази заврши со излагањето на Годишниот извештај за ОЈО ГОКК-Скопје, Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари за опсежното излагање на Годишниот извештај и воедно отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека како и претходните години годишниот изваштај за работата на ОЈО ГОКК-Скопје е еден од најдобро изготвените годишни извештаи, кој што ги содржи сите битни податоци кои што даваат слика за работењето на ова јавно обвинителство. Кажа дека прегкедноста како во текстуалниот, така и во табеларниот дел е добра како и при самото излагање на јавниот обвинител. Кажа дека и покрај сите објективни пречки со кои се соочува ова јавно обвинителство, оваа институција ја оправдува својата улога како една од клучните институции во борбата против органиизраниот криминал и корупција. Кажа дека јавните обвинители кои се дел на ова јавно обвинителство покажуваат и демонстрираат профењсионален однос во работата и покажуваат голема ефективност. Воедно кажа дека извештајот го оценува позитивно и дека ќе гласа за негово усвојување.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека со внимание го анализирала извештајот на ОЈО ГОКК-Скопје, смета дека истиот е изготвен стручно, професионално и посебен впечаток и оставил вложениот труд на јавниот обвинител во однос на систематското прикажување на податоците и тоа за пет година наназад од 2021-2025 година како би можело да се следи трендот и обемот на криминалитетот од што може да се заклучи начинот на постапување на ова јавно обвинителство. Кажа дека ОЈО ГОКК-Скопје како подносител на кривични пријави бележи раст, што значи дека ова јавно обвинителство поинтензивно постапува односно по сопствена иницијатива. Воедно кажа дека извештајот го оценува позитивно и дека ќе гласа за негово усвојување.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ се согласи со коментарите на колегите и кажа дека како и претходните години така и оваа, формата на годишниот извештај како е изработен е професионален. Кажа дека ги содржи сите потребни податоци и сето тоа искажано преку графикони и табеларен приказ. Потенцираше дека ретко во извештаите може да се види дел кој се однесува на транспарентноста на ова јавно обвинителство и односите со јавноста. Исто така кажа дека за поздравување во однос на работењето на ова јавно обвинителство е што е опремено со специјална просторија за сослушување на деца жртви на трговија на луѓе, што е добар пример

дека секоја година работата на ова јавно обвинителство се подобрува и дека се следат светските трендови.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими позитивно го оцени Годишниот извештај на ОЈО ГОКК-Скопје и кажа дека ќе гласа за негово усвојување.

Откако никој не зема збор по оваа точка од дневниот ред ОЈО на ОЈО ГОКК г-дин Ислам Абази ја напушти седницата, по што членовите на Советот пристапија кон гласање за усвојување на Годишниот извештај на ОЈО ГОКК Скопје за 2025 година.

**Закчучок: Советот на јавните обвинители на РСМ согласно чл.9 алинеа 24 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени извештајот на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција Скопје за 2025 година.**

Под точка четири од дневниот Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Миле Мојсовски на 17.08.2026 година ги исполнува условите за старосна пензија. Кажа дека Советот треба да донесе одлука и решение со кое ќе се констатира престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување на услови за старосна пензија.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за престанок на функцијата јавен обвинител во ОЈО Скопје за јавниот обвинител Миле Мојсовски поради исполнување на услови за старосна пензија на ден 17.08.2026 година.**

Под точка пет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека поради престанок на функција јавен обвинител на ОЈО на ОЈО Кичево г-ѓа Виолета Стојаноска поради исполнување на услови за старосна пензија, а поради имање на континуитет предложи Советот да назначи ВД ОЈО на ОЈО Кичево по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Кети Петкова која кажа дека на Основниот јавен обвинител на ОЈО Кичево му престана функцијата поради исполнување на услови за старосна пензија. Истакна дека во ова јавно обвинителство нема јавен обвинител кој ги исполнува условите да може да работи предмети кои се над три години од причина што моменталните јавни обвинители се избрани од АСЈО и во моментот работат само предмети во скратена постапка. Од тие причини Јавниот обвинител на РСМ, за да се надмине таа состојба, а се работи за јавно обвинителство кое е со проширена надлежност донел решение за времено упатување на двајца јавни обвинители во ОЈО Кичево од кој еден за една година, а друг јавен обвинител за шест месеци за да се надмине проблемот со немање на основен јавен обвинител. Кажа дека и двајцата јавни обвинители се од ВЈО Гостивар и од тие причини за ВД ОЈО на ОЈО Кичево го предлага јавниот обвинител Дињавер Бектеши до изборот на ОЈО на ОЈО Кичево.

Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека јавните обвинители кои се во ОЈО Кичево не ги исполнуваат условите за ВД ОЈО на ОЈО Кичево, а поради тоа што јавниот обвинител Дињавер Бектеши ги исполнува условите ќе го подржи предлогот на колешката Кети Петова.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање предлогот јавниот обвинител Диљавер Бектеши да биде назначен за ВД ОЈО на ОЈО Кичево.

Предлогот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе Одлука со која се определува Диљавер Бектеши – јавен обвинител во ВЈО Гостивар, за вршител на должност Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство Кичево до изборот на Основен јавен обвинител на ОЈО Кичево, но не подолго од 6 месеци.**

Под точка шест од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ги извести членовите на Советот дека од страна на Комората и извршители на РСМ до Советот било доставено писмо во кое од Советот се бара да номинира член на дисциплинската комисија при КИРСМ по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Јелена Догазанска Колева кажа дека во претходниот мандат на Комисијата член била членот на Советот на јавните обвинители на РСМ г-ѓа Душица Димитриеска. Поради континуитет на извршување на работните задачи повторно ја предложи колешката Душица Димитриеска.

Едногласно од страна на членовите на Советот предлогот на г-ѓа Јелена Догазанска Колева беше прифатен.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за номинирање на г-ѓа Душица Димитриеска-член на СЈОРСМ за член на Дисциплинската комисијата при Комората на извршители на РСМ.**

Под точка седум од дневниот ред претседателот на Советот кажа дека на ВЈО на ВЈО Штип на 30.09.2026 година му истекува мандатот како раководител на ова јавно обвинителство и согласно законот од 90 дена пред престанокот на мандатот Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на ВЈО на ВЈО Штип.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип.**

Под точка осум од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека исто на ВЈО на ВЈО Битола на 30.09.2026 година му истекува мандатот како раководител на ова јавно обвинителство и согласно законот од 90 дена пред престанокот на мандатот Советот треба да донесе одлука за објавување на оглас за избор на ВЈО на ВЈО Битола.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за објавување на оглас за избор на Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола.**

Под точка девет од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека до Советот на ден 25.06.2026 година има пристигнати приговор од страна на јавен обвинител, а се однесува на неговото оценување. Од тие причини предложи Советот да донесе одлука за формирање на Комисија за одлучување по приговор на одлука за оценување на јавен обвинител. Воедно за членови на Комисијата ги предложи:

- Г-ѓа Зорица Павловиќ
- Г-дин Фатих Алиу
- Г-ѓа Кети Петкова

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука за формирање на Комисија за одлучување по приговор на одлука за оценување на јавен онбвинител согласно член 51.52 и 53 од Законот за јавното обвинителство и чл.9 и чл. 10 ст.1 од Законот за Советот на јавните обгвинители на РСМ и за членови на Комисијата беа избрани г-ѓа Зорица Павловиќ, г-дин Фатих Алиу и г-ѓа Кети Петкова.**

Под точка разно од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека на ден 01.07.2026 година од старна на Министерството за правда на РСМ до Советот пристигнало писмо во кое МП на РСМ врши ажурирање на составот на работната група за преглед и ажурирање на методологијата за релевантен систем за мониторинг на анти-корупциската политика. Од Советот се бара да номинира претставници. Воедно за претставници на работната група ги предложи г-ѓа Јелена Догазанска Колева и г-дин Фатих Алиу.

Предлогот на Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими едногласно беше прифатен од страна на членовие на Советот.

Откако под точка разно од дневниот ред друг никој не зема збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи четириесет и седмата седница на Советот.

Записникот го водел<br>
Аспарух Мисајловски<br>
Генерален Секретар

СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА<br>
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>
Претседател<br>
Башким Бесими